

# Унапредување на знаењето за Евреите и јудаизмот

*Наставно средство*

1

WORDS INTO ACTION
TO ADDRESS ANTI-SEMITISM

OSCE ODIHR

## 1. Унапредување на знаењето за Евреите и јудаизмот

2. Надминување на несвесната пристрасност
3. Справување со антисемитските стереотипи и предрасуди
4. Оспорување на теориите на заговор
5. Поучување за антисемитизмот преку образование за Холокаустот
6. Справување со негирањето, искривувањето и тривијализацијата на Холокаустот
7. Антисемитизмот и дискурсот за национално сеќавање
8. Постапување со антисемитските инциденти
9. Постапување за антисемитизмот на интернет
10. Антисемитизмот и состојбата на Блискиот Исток

# Унапредување на знаењето за Евреите и јудаизмот

Вкупниот број Евреи во светот во 2016 година изнесуваше речиси 14,5 милиони луѓе[1]. Иако се чини дека е тоа е голема бројка, од причина што еврејските заедници се концентрирани во одредени подрачја, сепак, мал е бројот на ученици кои имале можност да се запознаат со Евреи или да научат повеќе за еврејските традиции и за јудаизмот како религија.

Поради недостиг од контакти и разбирање, со текот на времето може да се создаваат предрасуди, претпоставки и низа гласини, заблуди, митови и стереотипи. Ваквиот тип игнорантност може да предизвика недоверба, а погрешно разбраните разлики можат да доведат до страв и отфрлање. Сето тоа може да биде плодна почва за исклучување, нетолерантност и омраза.

„Други“ (анг. „Out-group”) се однесува на луѓе кои не припаѓаат на одредена конкретна внатрешна група (анг. „in-group”). Истражувањето, објавено во 2009 година, во врска со постоењето и релативната моќ на фаворизирање(то) на „конкретна внатрешна група“ наспроти оние кои не припаѓаат на конкретната група, врз основа на повеќе идентитетски категории (физички карактеристики, политички ставови, етничка и верска припадност и други) дојде до заклучок дека однесувањето на поединецот кон други луѓе во значителна мера е определено од нивниот идентитет. Конкретни заклучоци на ова истражување се дека:

- многу подобро се постапува со оние кои припаѓаат на одредена внатрешна конкретна група (in-group) отколку со „другите“, и ова е така за речиси сите категории на идентитет и во сите контексти и
- семејството и роднинските врски се најсилните извори на разликување, по што следуваат политичките ставови, верската припадност, лојалноста кон одредена спортска екипа и вкусот за слушање музика.

Извор: Avner Ben-Ner et al., “Identity and in-group/out-group differentiation in work and giving behaviors: Experimental evidence”, *Journal of Economic Behavior & Organization*, Vol. 72, Issue 1, 2009, стр. 153-170.

Наставниците треба да се свесни дека недоволното знаење и искуство ја зголемуваат веројатноста за потпирање на стереотипи, и дека предрасудите може да се развиваат врз основа на ограничени информации за одредена непозната група („други“, т.е. „out-group”).

Гледањето на Евреите како на „други“ ги засилува предрасудите за нив. Поголемото знаење за одредена непозната традиција и запознавањето со неа е една од неколкуте наставни стратегии што може да се искористат за да се намалат предрасудите и перципираните разлики помеѓу некои „други“ и одредена конкретна група[2].

Целта на ова наставно средство е да обезбеди основно знаење за религијата, културата и различностите на еврејскиот народ како и да го поттикне разбирањето за корените, практиките и обичаите, молитвите и верувањата итн. на оваа група полна различности. Предлозите за наставата, наведени подолу, можат да им помогнат на учениците да го прошират своето разбирање за многуте аспекти на тоа да се биде Евреин.

[1] “2016 World Jewish Population”, The Berman Jewish DataBank, <https://www.jewishdatabank.org/databank/search-results/study/831>.

[2] Maureen McBride, Scottish Centre for Crime and Justice, “What works to reduce prejudice and discrimination? A review of the evidence”, 14 октомври 2015, <https://www2.gov.scot/Resource/0048/00487370.pdf>

# Заднина

Еврејскиот народ за првпат се појавил како посебна група на Блискиот Исток, во вториот милениум пред новата ера. Евреите денес се хетерогена група луѓе со различно национално потекло, физички карактеристики, и со различно ниво и тип на религиозност.

Поимот „Евреин“ денес се однесува на секое лице што му припаѓа на еврејскиот народ или на јудаизмот преку негово преобраќање. Според еврејскиот закон (Халаха), еврејството го пренесува мајката, што значи дека Евреите се раѓаат како Евреи. Сепак, за многумина овој поим не се однесува конкретно на верската припадност, туку подразбира признавање на заедничка културна историја.

Еврејската дијаспора почнала да се создава по уништувањето на првиот храм, во она што е денешен Ерусалим, од страна на Вавилонците во 586 година пред новата ера и коешто продолжило во времето на Римското Царство[3]. Иако некои Евреи останале и понатаму да живеат заедно со други верски или етнички групи во тој регион, многумина од нив мигрирале. Во таа смисла денес се користат различни термини што се однесуваат на овие географски различности.

- **„Ашкенази“** се однесува на Евреите кои се населиле во северна Франција и во Германија околу 800-1000-та година од нашата ера, а подоцна и во Централна и во Источна Европа, каде што многумина зборувале јидиш (мешавина од хебрејски и германски јазик).

- **„Сефарди“** се однесува на Евреите кои се населиле во Шпанија и во Португалија, а некои од нив во Северна Африка и во Отоманската Империја откако биле протерани од страна на Инквизицијата во петнаесеттиот и во шеснаесеттиот век. Нивниот јазик се нарекува ладино и е мешавина од шпански и хебрејски.

- **„Мизрахи“** најчесто се однесува на Евреите кои не припаѓаат на двете горенаведени групи во Европа. Нивните предци во најголем дел останале на Блискиот Исток или живееле во Северна Африка или Централна Азија[4].

- **Евреите од Етиопија** уште се нарекуваат и Бета Израел, од кои илјадници денеска живеат во Израел.

- Низ целиот свет има и **други еврејски етнички групи**, од Индија до Канада.

Низ вековите, постоеле места каде Евреите биле повикувани од аристократските владетели да се населат на одредена територија, но, со ограничени права. Пред да се појават националните влади, националните закони и државјанството, онака како што ни се познати денес, еврејските водачи одржувале односи со монархот кој се согласувал да ги заштитува[5].

Покрај јазиците според националното потекло, хебрејскиот јазик стана јазик на обединување за Евреите во Израел и пошироко. Повторното раѓање на древниот, библиски хебрејски јазик како жив современ јазик, што се случило кон крајот на деветнаесеттиот и во почетокот на дваесеттиот век претставува исклучителен културен развој.

[3] De Lange, Nicholas, An Introduction to Judaism (Cambridge University Press, 2000), стр. 27.

[4] За повеќе информации во врска со поимот „Мизрахи“ и како истиот се користи денес види: <https://www.myjewishlearning.com/article/whoare-mizrahi-jews/>; <https://www.myjewishlearning.com/article/mizrahim-in-israel/>.

[5] Примери за ваквите односи имало во дванаесеттиот век во Франција, Англија и Германија. Види: Gavin I. Langmuir, Towards a Definition of Antisemitism (London: University of California Press, 1996), стр. 137-142.

[6] Податоци од Sergio DellaPergola, “World Jewish Population, 2016”. Berman Jewish DataBank, No. 17 (February, 2017) стр. 24.

## Еврејско население во некои земји членки на ОБСЕ во 2016 година

| Земја[7] | Еврејско население | Вкупно население (во милиони) | Процент (%) од населението кои се Евреи |
|---|---|---|---|
| Азербејџан | 8,400 | 9.7 | 0,87 |
| Белгија | 29,500 | 11.2 | 0,26 |
| Канада | 388,000 | 35.8 | 1,08 |
| Франција | 460,000 | 64.3 | 0,71 |
| Германија | 117,000 | 81.1 | 0,14 |
| Унгарија | 47,600 | 9.8 | 0,49 |
| Италија | 27,400 | 62.5 | 0,04 |
| Летонија | 5,000 | 2.0 | 2,5 |
| Холандија | 29,900 | 16.9 | 0,18 |
| Молдавија | 3,500 | 4.1 | 0,85 |
| Русија | 179,500 | 144.3 | 0,12 |
| Шведска | 15,000 | 9.8 | 0,15 |
| Швајцарија | 18,800 | 8.3 | 0,23 |
| Турција | 15,500 | 78.2 | 0,02 |
| Украина | 56,000 | 42.8 | 0,13 |
| Обединето Кралство | 290,000 | 65.3 | 0,44 |
| САД | 5.700,000 | 321.2 | 1,77 |

Пред да се случи Холокаустот, кога во Европа беа убиени шест милиони Евреи, во светот имало 16,7 милиони Евреи. Од 2016 година, еврејското население во целиот свет брои 14,4 милиони, што е помалку од 0,2 проценти од вкупното светско население. Најголема концентрација на Евреи има во Израел, каде што живеат повеќе од 6,5 милиони Евреи, што е околу 75 проценти од вкупното население на таа држава[6].

На крајот од деветнаесеттиот век, Евреите се населувале во овој регион кој тогаш бил дел од Отоманската Империја. На почетокот од дваесеттиот век и по Холокаустот значително се зголемил бројот на Евреите кои мигрирале тука.

Фактот дека еврејскиот народ е застапен со мал процент во населението на многу земји (освен во Израел), значи дека жителите на тие земји никогаш не се сретнале со Евреин. Истовремено е можно тие веќе да имале контакт со Евреи без да се свесни за тоа, затоа што тоа не е лесно забележливо кај повеќето Евреи. Некои луѓе имаат претстава дека Евреи се ултраортодоксните Евреи или Хасидим чија традиционална облека е мошне препознатлива (црни шапки, брада и евентуално локни отстрана)[8]. Некои религиозни еврејски мажи можат да се препознаат само врз основа на тоа што носат кипа (или јармулка). Сепак, лицата што беа анкетирани во истражувањето спроведено во 2018 година во врска со искуството на европските Евреи и за антисемитските перцепции посочија дека тие понекогаш избегнуваат да го покажат својот јудаизам во јавноста[9].

7 Централен завод за статистика (Израел), „*Месечен статистички билтен* – февруари 2019", "Population, By Population Group", <https://www.cbs.gov.il/en/publications/Pages/2019/Monthly-Bulletin-of-Statistics-February-2019.aspx>

8 Многу од мажите хасиди носат облека која потсетува на онаа што ја носело благородништвото во Полска во осумнаесеттиот век, кога започнал и хасидизмот.

9 Европска агенција за основни права, Искуства и перцепција за антисемитизмот: второ истражување за дискриминација и говор на омраза врз Евреите во ЕУ (2018), стр. 37, <https://fra.europa.eu/en/publication/2018/2nd-survey-discrimination-hate-crime-against-jews>.

# Верски аспекти

Според она што е запишано во Библијата, еврејскиот народ се потомци на Авраам. Основен верски принцип на јудаизмот е верувањето дека постои единствен, сезнаен, семоќен, добронамерен, трансцендентен Бог кој го создал универзумот и кој продолжува да управува со него. Според следбениците на јудаизмот, Бог[10] му ги открил своите закони и заповеди на Мојсеј на планината Синај, во форма на Тората (петте Мојсееви книги кои се основа на еврејскиот закон и традиција). Тората е еден од вкупно трите дела што ја сочинуваат еврејската Библија, уште позната како Стар завет[11]. Јудаизмот им претходи на религиите што се појавуваат подоцна. Таа религија имала влијание на развојот на други монотеистички религии, како што се христијанството и исламот. Овие три религии споделуваат исти приказни за настанокот и исти клучни личности, како што се Авраам и Мојсеј.

Во јудаизмот централниот авторитет не е во една личност, туку во светите текстови и традиции. Традиционалната практика се заснова на проучувањето и почитувањето на Божјите закони и заповеди што се напишани во Тората и изложени во Талмудот (збирка од рабински списи). Еврејскиот верски водач се вика рабин – тој е учен човек и учител на Тората, кој помага да се толкуваат и применуваат еврејските закони. Рабинот, исто како обичниот човек, е должен да се ожени и да ги доживее сите борби и задоволства на земскиот свет.

Како и во сите верски или културни групи, јудаизмот има повеќе правци во модерниот свет. Тие групи може поинаку да го толкуваат еврејскиот закон или да имаат поинакви стандарди. Во текстот подолу ќе се осврнеме на најголемите од нив, иако постојат и други[12].

**Ортодоксните Евреи** ги задржале традиционалните еврејски закони и обичаи, до различен степен, и не само оние што се однесуваат на верските служби, туку и на исхраната и облекувањето. Тие ја потенцираат потребата од целосно почитување на авторитетот на Халахата (севкупноста на пишаните и усните закони на јудаизмот) со верување дека единствениот стандард на однесување ја претставува обзнанетата волја на Бога, а не вредносниот систем на одредено доба. **Хасидизмот** сочинува најголем дел од ортодоксниот јудаизам – сите Хасиди се ортодоксни, но сите кои се ортодоксни не се Хасиди.

На почетокот на деветнаесеттиот век во Германија се појавува едно **реформаторско движење** што се нарекува **прогресивен** или **либерален јудаизам**, паралелно со постепеното отстранување на законските и политичките ограничувања кон европските Евреи. Реформаторското движење го потенцирало личното толкување на учењето од Тората со истовремено скратување на верската служба, воведување молитви и проповеди на локалниот јазик наместо на хебрејски, и овозможување сите ограничувања во однос на исхраната, облекувањето и шабат да бидат незадолжителни. Влијателна личност во ова движење бил филозофот Мојдеј Менделсон (1729-1786), инаку германски Евреин.

**Конзервативниот јудаизам**, уште познат како **масорти јудаизам**, започнал во Германија во

[10] Многумина во еврејската традиција сметаат дека непишувањето на името на Бога е знак на почитување затоа што доколку се напише неговото име, истото може да се избрише или да се фрли. Наместо тоа, најчесто се користи поимот Г-д.

[11] Nicolas de Lange, An Introduction to Judaism (Cambridge University Press, 2000), стр. 50. 162-163.

[12] Види <https://www.myjewishlearning.com/article/the-jewish-denominations/> за сите правци во јудаизмот.

средината на деветнаесеттиот век, како одговор на перцепцијата за ослабнување на Халахата во рамки на реформаторското движење. Конзервативните Евреи ги поздравиле реформите во јудаизмот што се однесувале на образованието и културата (на пример, како што е прифаќањето на современиот начин на облекување), но се вратиле на употребата на хебрејскиот јазик во верската служба и во придржувањето до правилата во исхраната, за шабат, и за речиси сите ритуали предвидени во Тората. Во осумдесеттите години од минатиот век конзервативците решиле дека и жените можат да бидат рабини.

Исто така, има голем број Евреи кои не се идентификуваат себеси со некој од верските правци или не се придржуваат до верските обичаи. Освен тоа, има и голем број месни организации што ги опслужуваат потребите на припадниците на еврејската заедница без разлика на кој верски правец тие припаѓаат.

## Клучни аспекти на еврејската култура

Шабат: Во периодот од зајдисонце во петок до зајдисонце во сабота, голем број религиозни Евреи го празнуваат шабат дома или во синагога и тоа на разни начини и со различни обичаи низ целиот свет. Некои и се воздржуваат од секаков вид работа.

Ограничувања во исхраната: Во еврејскиот закон има правила што се однесуваат на исхраната, а кои Евреите ги почитуваат во помала или поголема мера, а некои воопшто не ги почитуваат. Храната што се смета дека е според еврејскиот закон се нарекува кошер. Свинското и морските плодови се забранети, а секое друго месо мора да биде заклано според строги правила и тоа од соодветно лице (шохет). Не е дозволено месо и млечни производи да се јадат, готват, ниту да се чуваат заедно; по консумирање месо или живина, Евреинот, кој се придржува до правилата, ќе почека некое време пред да јаде млечни производи. Во пракса, најдобро е директно да се провери со одредено лице кои се ограничувањата во исхраната.

Поважни празници: Како и во секоја верска традиција, во годината има повеќе еврејски празници. Неколку од нив се мошне важни, дури и за оние кои не се особено религиозни. Постои мала варијација во точните датуми од година на година поради тоа што јудаизмот го следи лунарниот календар. Корисно е да ги побарате датумите и да ги ставите во училишниот календар затоа што тие може да имаат влијание на животот на учениците, родителите и колегите кои се Евреи.

- Рош хашана е еврејската Нова година која трае два дена на почетокот на есента. Заедно со Јом Кипур, се смета за еден од најсветите еврејски празници.
- Јом Кипур е Денот на искупувањето и се паѓа десет дена по Рош хашана. Евреите постат и цел ден се молат во синагога со што одвојуваат време да размислуваат за животот, да се покаат и да направат промени за новата година.
- Пасха (Песах) е прослава за слободата која се случува напролет и претставува сеќавање на историскиот егзодус на Евреите од Египет. Трае вкупно осум дена и се слави на првата вечер со ритуален оброк што се вика седер.
- Ханука се паѓа во средина на зимата. Се нарекува уште и фестивал на светлината. Тоа е празник кога се даваат дарови и трае осум дена, и во тој период се палат осум свеќи на посебен свеќник кој има девет раздели и се вика ханукија.

Потврда на зрелоста: Сите култури и религии ги одбележуваат важните премини во животот. Ова се некои од оние што се применуваат кај еврејските деца:
- Обрежување: еврејските момчиња обично се обрежуваат кога ќе наполнат осум дена.
- Бар мицва и бат мицва: на возраст од околу 12 или 13 години, момчињата го означуваат преминот од детство во адолесценција со бар мицва, додека кај девојчињата тоа е бат мицва.

Извор: Nicolas de Lange, *An Introduction to Judaism* (Cambridge University Press, 2000), стр.89-91, 95, 97-118, 226-237.

# Стратегии во училница за унапредување на знаењето во врска со Евреите и јудаизмот

| **Примери за вежби што можат да ги користат едукаторите за да се оспорат и спречат антисемитските стереотипи**[13] | |
|---|---|
| Тип на вежба | Пример |
| Користење лични наративи | Споделување на лични наративи кои го потенцираат следново:<br>• Различностите во еврејскиот свет за да покажеме дека Евреите, како и другите луѓе, имаат широк спектар на верски верувања и практики или воопшто немаат;<br>• Заеднички карактеристики помеѓу Евреите и другите, како што се културолошки, општествено-економски, географски, јазични и други карактеристики и<br>• Поединци Евреи и други луѓе од други верски или културни заедници кои извршиле позитивно влијание во локален, национален и/или меѓународен контекст. |
| Интегрирање во лекциите по историја | • Историјата на Евреите ја предаваме како дел од часовите на кои се предава за локалната, националната или меѓународната историја, вклучувајќи ја тука и историјата на Државата Израел и состојбата меѓу Израелците и Палестинците, притоа користејќи повеќестран пристап[14];<br>• Историјата ја сведуваме на индивидуално ниво и раскажуваме лични приказни на поединци Евреи (обични луѓе и познати личности кои дале придонес во науката, уметноста, филозофијата итн.);<br>• Разгледуваме како разните стереотипи што се прифатени во општествата влијаат на правата што ги уживаат мажите, жените и припадниците на одредени заедници или групи, вклучувајќи ги и Евреите, во разни историски периоди и денес и/или<br>• Вклучуваме лекции за антисемитизмот во периодот пред да се случи Холокаустот до денес (ова не претставува замена за главните лекции што се однесуваат на Холокаустот). |
| Истакнување на различното потекло на учениците | • Учениците можат да направат сопствен портрет (написмено, да насликаат, со поеми итн.) за да ги одразат своите различни идентитети;<br>• Учениците ги претставуваат своите само-портрети и од нив се бара да ги идентификуваат различностите во одделението (на пример: раса, боја на кожа, јазик, етничка припадност, вероисповед, култура, пол, сексуална ориентација, хоби, интереси, идеали и идиосинкразија);<br>• Учениците ги насочуваме да идентификуваат одредени аспекти од сопственото претставување кои би можеле да откријат или да доведат до создавање стереотипи. За таа цел, побарајте да се фокусираат на тоа кои се тие и кои фактори влијаат на формирањето на нивниот идентитет (вклучително и нивниот внатрешен избор и надворешните притисоци) и/или<br>• Истражете го односот помеѓу личната перцепција на ученикот на одредени карактеристики и перцепциите на другите за да покажете како се создаваат социјалните наративи. |

[13] Примерите се преземени од: *Справување со антисемитизмот преку образование: Насоки за креаторите на политики* (Warsaw: OSCE/ ODIHR, 2018), p. 41, <https://www.osce.org/odihr/383089>.

[14] C.M. Steele, Steven J. Spencer and Joshua Aronson, “Contending with group image: The psychology of stereotype and social identity threat”, in Mark. P. Zanna (ed.), Advances in Experimental Social Psychology, Vol. 34 (Amsterdam: Academic Press, 2002), стр. 379-440.

**Како да постапиме ако...?**

**...ученик вели дека: „Сите Евреи се Израелци и сите Израелци се Евреи!”?**

На ученикот треба да му објасниме дека е точно дека Израел е дом на милиони еврејски граѓани, но и дека многу Евреи се граѓани и на други земји низ целиот свет. Всушност, мнозинството Евреи денес не живеат во Израел и само 75 проценти од населението во Израел се Евреи (остатокот се муслимани, што вклучува Бедуини, како и христијани и друзи[15]). Ваквото погрешно разбирање за идентитетот на еврејскиот народ може да биде опасно затоа што може да биде основа за поистоветување на Евреите со политиките на актуелната Влада на Израел или да предизвика антисемитски инциденти низ целиот свет како реакција на настаните што се случуваат во Израел.

**...ученик вели: „Сите Евреи изгледаат исто. Лесно ќе ги препознаеме по големиот нос и темната облека.”?**

Важно е да се потенцираат разноликоста на еврејскиот народ и нивните физички карактеристики, затоа што Евреите се луѓе од Северна Америка, Источна и Западна Европа, Медитеранот, Блискиот Исток, Азија и Африка и сите тие имаат различни верски и културни практики. Мал дел од ортодоксните Евреи се сметаат за ултраортодоксни и се облекуваат во нивната карактеристична црна облека. Со оглед на тоа дека овие луѓе се најзабележливи, мнозинствата мислат дека само ултраортодоксните Евреи се, всушност, Евреи. Сликата со орловски нос потекнува од несимпатичната карикатура „Евреинот“ нацртана во тринаесеттиот век во Европа која оттогаш досега е репродуцирана многупати и која и понатаму претставува главен стереотип.

**...ученик користи одреден назив за Евреите, како што е „чудни“ или „непознати“?**

Нормално е луѓето да сметаат дека е „чудно“ нешто што не им е познато. Многу од учениците немале можност да запознаат Евреи и може да имаат мошне малку и општи информации. Разбирањето на различното потекло, на различните верски и секуларни движења, како и на начините на кои Евреите се дефинираат себеси како Евреи, може да помогне во надминувањето на

## Активност

Организирање посета на музеј на Евреите, доколку има во близина на училиштето, би било одлична можност за потенцирање на локалното еврејско наследство и неговата поврзаност со локалната култура. Некои градови организираат и еврејски тури со пешачење што помага да се развие почитување за улогите и искуствата на еврејските заедници во минатото и денес.

## Активност

Организирање посета на локален еврејски културен центар/-ри за целиот клас, со цел учениците да имаат можност да се запознаат со луѓе кои не одговараат на стереотипните претстави. Може да поканиме и припадници на локална еврејска младинска група да го посетат одделението за да зборуваат за своите семејства и традиции.

[15] Централен завод за статистика (Израел), “Месечен статистички билтен – октомври 2018”, <https://www.cbs.gov.il/EN/pages/default.aspx>.

## Активност

Празниците се добра можност да се учи за различните традиции и истории. Постојат многу паралелни обичаи што можат да се најдат во многу верски традиции. На пример, Пасха и Велигден се паѓаат речиси во исто време од годината, исто како и Ханука и Божиќ. Понатаму, сите традиции практикуваат одреден тип на постење: Рамазан во исламот, Јом Кипур во јудаизмот и Големиот пост во христијанството.

Ако се работи во помали групи, учениците можат да работат по пат на соработка и да ги истражуваат важните елементи на разните религии и потоа да презентираат пред класот.

основните предрасуди. Во основа, медиумите и рекламите честопати премногу ја поедноставуваат комплексноста на идентитетот, а тоа обично не е опфатено во училиштата. Тоа може да доведе до вкоренување на стереотипните приоди во општеството. Справувањето со ваквите стереотипи е најлогично ако се прави во рамките на еден сеопфатен, интерактивен и инклузивен пристап кој ги зема предвид разликите и богатството на сите идентитети, вклучувајќи го и местото на секого во општеството и во рамките на училницата.

Учениците кои имале можност да ја споделат својата приказна, многу често се поотворени да ги слушнат приказните на другите. Исто така, може да биде многу тешко да се поврземе со историјата и традициите на друго лице ако не сме ги осознале сопствените. Ако им дадеме можност на учениците да го истражат сопственото потекло (вклучувајќи ги тука и елементите што тие ги споделуваат со другите и оние што ги прават различни од другите), тоа може да биде добра можност да ги воведеме во култури кои можеби не се застапени во класот.

# Ресурси и дополнителни материјали

Повеќе информации за локални музеи посветени на Евреите и наследството:

- Асоцијација на еврејските музеи во Европа: <http://www.aejm.org/>;
- Членови на Советот на американските еврејски музеи: <http://www.cajm.net/members/>;
- Европските патишта на еврејското наследство: <https://www.jewisheritage.org/web/european-routes>; и
- Европски денови на еврејската култура кои започнуваат на првиот ден недела во месец септември секоја година: <https://www.jewisheritage.org/web/edjc>.

Повеќе информации за јудаизмот:
- Judaism 101: <http://www.jewfaq.org/>
- My Jewish Learning: <https://www.myjewishlearning.com/>; и
- “Judaism”, BBC website, <http://www.bbc.co.uk/religion/religions/judaism/>.

Дополнителни публикации:
- David N. Myers, *Jewish History: A Very Short Introduction* (Oxford University Press, 2017);
- Norman Solomon, *Judaism: A Very Short Introduction* (Oxford University Press, 2000); и
- Nicolas de Lange, *An Introduction to Judaism* (Cambridge University Press, 2000).

Збирка на кратки видеа поврзани со еврејското наследство и современиот живот во разни градови од целиот свет: <http://jewishdiscoveries.com/>.

Едукативни активности за еврејските обичаи, обреди и церемонии кои можат да се најдат на интернет-страницата посветена на еврејскиот придонес кон инклузивна Европа (CEJI): <http://www.ceji.org/?q=content/publications/educator_resources>.

Наставни планови наменети за наставници и активности за деца: <http://religions.mrdonn.org/judaism.html>.

Идеи за тоа како да се предава јудаизам, достапни на мрежата за наставници на „Гардијан“: <https://www.theguardian.com/teacher-network/2016/jan/18/how-to-teach-judaism>.

Едукативни квизови на тема јудаизам: <https://www.educationquizzes.com/us/specialist/>.

Наставни планови за животот на Евреите пред Втората светска војна: <www.facinghistory.org/music-memory-and-resistance-during-holocaust/jewish-life-world-war-ii>.

Наставни планови на тема „Мрежата на заедницата: животот на Евреите пред војната“: <www.facinghistory.org/resource-library/web-community-jewish-life-wars>.

Примери за еврејски заедници од целиот свет (“Jews around the Globe”): <www.myjewishlearning.com/category/study/jewish-history/jews-around-the-globe/>.

Голем број национални или локални еврејски заедници овозможуваат основни културни информации на своите интернет-страници.

Office for Democratic Institutions and Human Rights

OSCE ODIHR